# СТРАТЕГИЈА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ГРАДСКО 2024-2027

## Предговор од Градоначалникот

Општина Градско, во изминатиот период се  посвети на креирање на документ за локален економски развој. Во процесот на креирање на Стратегијата ги вклучивме претставниците на локалната самоуправа, бизнис секторот, јавните претпријатија, граѓанските здруженија, месните заедници и граѓаните.

Ова е процес во кој ги утврдивме потребите на граѓаните и институциите од една страна и капацитетите за реализација на другите од друга страна.

Им благодарам на сите кои се вклучија во процесот на креирање на овој документ, кој ќе биде водилка за Локален економски развој во наредните 5 години.

Процесот на стратешко планирање за општина Градско се одвиваше во две фази: идентификација на севкупните локални можности заради планирање и изнаоѓање на решенија и подготовка на стратегија за постигнување на планираното.

Процесот вклучува донесување јасни одлуки во однос на стратешките насоки кои општината сака и треба да ги следи со цел да се имплементираат донесените одлуки.

Стратешкиот план на општина Градско е документ кој го планира и насочува развојот на општината за период од пет години (2024-2027 година).

**Градоначалник**
**на општина Градско**
**Киро Нацков**

## Содржина


1. Листа на кратенки 4
2. Извршно резиме 5
3. Вовед на Планот 9
4. Процес на изработка на План за локален економски развој 10
5. Локална економска анализа 11

5.1. Анализа на локалната економска структура 11

5.2. Локална соработка и вмрежување 12

5.3. Бизнис опкружување, транспарентност и администрација без корупција 13

5.4. Пристап до финансии и финансиска поддршка 14

5.5. Земјиште и инфраструктура 15

5.6 Регулаторна и институционална рамка 16

5.7. Вештини и човечки капитал, инклузивност 17

5.8 Надворешно позиционирање и маркетинг 18

6. Анализа на силна страни, слаби страни, можности и закани (SWOT) 19
7. Визија и стратешки цели 20
8. Акциски план 22
9. Шема на финансирање 26

| | |
|---|---|
| УСАИД – | Американска агенција за меѓународен развој |
| ЛЕР – | Локлен економски развој |
| SWOT – | S – strengths (предности), W – weaknesses (слабости), O – opportunities (можности) и T – threats (опасности) |
| ЕУ – | Европска унија |
| ЛАГ – | Локална акциска група |
| НВО – | Невладина организација |
| АВРСМ – | Агенција за вработување на Република Северна Македонија |
| БДП – | Бруто домашен производ |
| МСП – | Мали и средни претпријатија |
| ИПАРД – | Програма за предпистапна помош во земјоделството и руралниот развој |
| ИТ – | Информатички технологии |
| МБПР – | Македонска банка за поддршка на развојот |
| ЕБОР – | Европската банка за обнова и развој |
| АППТ – | Агенција за промоција и поддршка на туризмот |
| ФИТР – | Фонд за иновации и технолошки развој |
| АФПЗРР – | Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој |
| IME | Швајцарска програма за зголемување на вработеноста |
| GIZ – МНА | Германска меѓународна помош |
| МБПР – | Македонска банка за поддршка на развојот |
| ТИРЗ – | Технолошко индустриска развојна зона |
| КОСМЕ – | Програма за конкурентност на мали и средни претпријатија на ЕУ |
| ХОРИЗОНТ 2020 – | Програма за истражување и иновации на Европската Унија |
| ФИТР – | Фонд за иновации и технолошки развој |
| Е-75 – | Европска ознака за автопат од Атина до Хелсинки |
| ЈПКД – | Јавно претпријатие за комунални дејности |
| МЕКА – | Акцелератор на знаење за мали и средни претпријатија |
| ФЛОРИТ – | Фондација за локален одржлив развој и информатички технологии |
| КО – | Катастарска Општина |
| ЛЕАП – | Локален еколошки акциски план |
| ОИЕ – | Обновливи извори на енергија |
| ЛЕС – | Локален економски совет |

## 1.Извршно резиме

Општина Градско е една од десетте општини вклучени во третата група локални самоуправи во кои се спроведува проектот „Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите“, под покровителство на УСАИД. Токму во мај 2023 година беше и потпишан Меморандумот за соработка помеѓу УСАИД и општина Градско на настанот „Партнерство за поефикасни општини“. Една од активностите при имплементацијата на овој проект е токму поддршката при изготвувањето или ажурирањето на Плановите / Стратегиите за локален економски развој.




Општина Градско учествуваше во циклус од 4 обуки на кои беше претставена методологијата за изработка на плановите, како и структурата и содржината на истите. Планот е развиен во партнерство на општинската администрација од Одделението за урбанизам, комунални работи и заштита на животна средина и локален економски развој како и претставници од бизнис заедницата и граѓанскиот сектор. Овој документ е самостоен и не претставува дел од некоја стратегија на општината или од некој друг документ. Во процесот на изработка на Планот за локален економски развој од страна на тимот составен од горенаведените претставници, а под менторство на експертите ангажирани од страна на донаторот, беше изготвена анализа на локалната економија, SWOT анализа, утврдена визија на општината и стратешки цели од кои произлезе Акциониот план со предложени активности и финансиска конструкција. Планот за локален економски развој на општина Градско 2024-2027 се базира на анализа на податоци добиени од релевантни институции и општински бази на податоци, како и анализа на документи врз основа на кои се дефинирани можностите за економски развој на општината.

Врз основа на анализата на слабостите и заканите (SWOT анализа) , е предложен план на активности со цел интензивирање на локалниот економскиот развој и унапредување на социо – економската благосостојба на граѓаните на општината. Целта на планот е оптимизација на искористувањето на локалните ресурси и се фокусира на ефикасната и одржлива употреба на ресурсите кои се достапни во дадена локална заедница. Меѓу нив се развојот на локалните бизниси преку поддршка на мали и средни претпријатија, индивидуални селски стопанства, земјоделски задруги и друго, како можност да ја стимулира локалната економија и да креира нови работни места. Ова е важно за економскиот и социјалниот развој на општината, како и за поширокиот регион. Соработка и партнерства помеѓу локалните власти, приватниот сектор и цивилните организации ќе допринесе кон подобро искористување на ресурсите и за подобро решавање на проблемите на заедницата. Максимизација на локалните ресурси не само што може да ја подобри економската состојба на локалната заедница, туку ќе влијае и на квалитетот на животот на локалните жители, а ќе придонесе и за одржлив развој што е и основната цел на овој документ. Неопходноста од ревидирањето не веќе постоечката стратегија за локален развој, произлегува од важноста да се идентификуваат клучните проблеми со кои се

соочува општина Градско и таа има за цел догорочно да ги определи генералните насоки за нејзин развој.

Визијата која сакаме да ја исполниме ќе се оствари преку поставените стратешки цели кои произлегуваат од реалната ситуација, можностите и ресурсите кои ги нуди Општина Градско, акциониот план со предложени активности но секако и од направената SWOT анализа.

**Визија:** Градско е општина која во континуитет се грижи за благосостојбата на своите жители, општина со развиен аграр и уредена инфраструктура и еколошки чиста средина.

**Стратешки цели:**

**Стратешка цел 1** - Развиено земјоделство и рурален туризам

**Стратешка цел 2** – Развиена инфраструктура која придонесува за подобар локален економски развој

**Стратешка цел 3** - Унапредување на заштита на животна средина

Изработувајќи ја SWOT анализата утврдивме дека она што треба да се искористи и максимално да се стави во функција на локалениот економски развој на Општина Градско е плодната почва и развиеното земјодество, добрата географска поставеност и ресурсите со кои располагаме, а се клучни не само за нашиот регион туку воопшто и за целата наша држава. Најголеми недостатоци кои ги има Општина Градско се во делот на отселувањето на населението како најголем проблем со кој се соочуваме насекаде низ државата, не само кај нас, инфраструктурните и урбанистичките проблеми на кои значително треба да се работи во наредниот петгодишен период.

**Основни податоци:**

**Лична карта на Општина Градско**

| **Симболи на општината:**<br>**Грб и знаме**<br><br><br> | **Општи податоци:**<br>**Седиште: Градско**<br>**Површина: 236,19 км2**<br>**Самоуправа:**<br>**Градоначалник: Киро Нацков**<br>**Совет: 9 члена**<br>**Контакт податоци:**<br>**Адреса: ул. Александар Македонски бр.70А, 1420 Градско.**<br>**Емаил: gradsko@gradsko.gov.mk**<br>**Телефон: +38943251522** |
|---|---|
| **Локација на општината**<br> | **Демографија**<br>**Според пописот од 2021 година, Општина Градско брои 3233 жители, од кои:**<br><br>**Македонци 2340 (72,38%)**<br>**Албанци 92 (2,85%)**<br>**Роми 183 (5,66%)**<br>**Бошњаци 349 (10,79%)**<br>**останати 136 (4,21%)** |
| **Карта на општината**<br><br> | **16 населени места:**<br><br>**Виничани, Водоврати, Горно Чичево, Градско, Грнчиште, Двориште, Долно Чичево, Згрополци, Кочилари, Куридере, Ногаевци, Подлес, Свеќани, Скачинци, Убого и Уланци.** |

Градско е историски познато како значајна сообраќајна и трговска крстосница, не само за Република Северна Македонија, туку и за поширокиот балкански регион. Тоа произлегува од неговата географска поставеност, која главно е рамничарскиот дел на средиштето на Северна Македонија, распослано на двете страни на средното Повардарие. Низ него минуваат и се вкрстуваат значајни патни и железнички сообраќајни јазли, кои создаваат врска на северниот со јужниот дел на Балканот.

Населението на оваа Општина, карактеристично по етничката структура главно го сочинуваат мнозинство Македонци, а застапени се и Бошњаци, Албанци, Роми, Турци и Срби, кои претежно егзистираат од земјоделство. Според пописот во 2021 год. Вкупниот број на население изнесува 3233 жители. Вкупно работоспособно население во општина Градско е 2683, од кои 1408 се мажи и 1275 се жени. Просечната возраст на населението е 42 години. Според информациите добиени од средбите со луѓе во општината и населението во општината расте миграцијата на работоспособно население надвор од границите на нашата држава, а доселувањето на жители во општината е повеќе на постара популација.

Нејзината територија зафаќа површина 290 km², на која егзистираат повеќе населени места и според големината се вбројува во групата на средно големи општини, со просечна густина на население од 13 жители на 1км2. Општината лежи на рамничарското земјиште на просечна надморска височина од 147 m и се наоѓа во простор зафатен од континентална клима, како и медитеранска клима која продира по реката Вардар од Егејското море. Населението на оваа Општина, карактеристично по етничката структура главно го сочинуваат мнозинство Македонци, а застапени се и Бошњаци, Албанци, Роми, Турци и Срби, кои претежно егзистираат од земјоделство.

## 3. Вовед во планот

Ваквата долгорочна обврска, со поддршка од Американската агенција за развој (USAID), преку проектот„Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите“, ја реализираме во практика преку дефинирање на идниот локален економски развој на Општината, но и преку конкретизирање на идните проекти кои ќе овозможат позабрзан економски развој. Истовремено, тие ќе придонесат за подобрување на условите за живот на територијата на цела Општина, како и зголемување на квалитетот на услугите кон граѓаните. Местоположбата на Општина Градско и подготвеноста на локалната самоуправа за поголема застапеност и примена на европските стандарди го трасира и нејзиниот развоен пат.

Општина Градско имаше потреба од ревидирање на Стратегијата за локален економски развој 2021-2025, бидејќи стратегиите како оваа за развој на една општина, покрај нејзината визија како се гледа во иднина општината, претставуваат и многу важна основа за аплицирање на проекти, а УСАИД ја даде таа можност преку нивната програма, општината да биде вклучена во целокупниот процес. Планот за локален економски развој на општина Градско е изготвен со цел да одговори на конкретни економски предизвици или понатамошно да ја зајакне локалната економија преку јавно-приватен дијалог. Овој план е целосно самостоен нов документ и не е дел од други стратешки планови на општината.

Планот е развиен во партнерство, со партиципативно учество, односно со вклученост на сите засегнати страни. Тимот за изработка на овој документ, беше составен не само од претставници од Одделението за ЛЕР, туку и по еден претставник од НВО, и од бизнис секторот. На овој начин тимот за изработка на планот имаше придонес и еднаквата застапеност во консултациите и процесот на донесување одлуки во целокупниот процес, што впрочем е и фокусот на Проектот на УСАИД на отчетноста на владините институции и одговорноста на индивидуалните граѓани.

Вкупниот износ на финансиски средства за реализација на проектите во Планот за локален економски развој изнесува 144.960.000,00 денари.

## 4. Процес на изработка на План за локален економски развој

Планот за локален економски развој (ЛЕР) е изготвен следејќи ја методологијата развиена од страна на проектот Градоначалници за економски раст (M4EG) финансиран од ЕУ и спроведен во Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Грузија, Молдавија и Украина.

Планот за Локален економски развој во нацрт верзија беше подготвена на неколку работни средби со учество на сите засегнати страни во приоритетните области, односно работен тим:

- претставници од јавниот сектор/општинската администрација,
- претставници на невладините организации,
- претставници на бизнис секторот.

Работниот тим одржа голем број состаноци, неформални средби како и телефонски разговори, посебно во периодот Октомври 2023 - Март 2024, анализирајќи ја состојбата во локалната економија, анализата на слабите и на јаките страни, на можностите и на заканите (SWOT-анализа), како и одредувајќи ја визијата, стратешките и развојните цели и Акциониот план.

Она што е значајно за оваа методологија е дека покрај официјалните статистички податоци, се потпира и на квалитативни податоци, добиени преку директни разговори со претставници на бизнис секторот.

Според веќе споменатата Методологија на изработка на овој стратешки документ, партнерите од приватниот сектор се поттикнуваат („структурни елементи“) на прашањата, кои што се основни приватниот сектор и отворање нови работни места. Таканаречените Градежни блокови преставени сликовито на следната слика:




*Слика бр. 1 Методологијата на Mayors for Economic Growth (M4EG), проект финансиран од ЕУ*

## 5. Локална економска анализа

### 5.1. Анализа на локалната структура

Фактот што општина Градско според најновиот попис на населението од 2021 година е една од помалите општини во државата по население со само 3.233 жители укажува на потешкотиите од непоседување, но и добивање на релевантни статистички податоци од различните државни институции но и на олеснување во анализата на истите поради малиот број на економски субјекти и меѓусебното познавање.

| Вид на економска активност | Број и % на компании (според класификација) | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Микро | Мали | Средни | Големи |
| | 57 | 5 | / | 2 |
| Индустриско производство | / | / | / | |
| Земјоделство | 21 | / | / | 1 |
| Преработувачка индустрија | 5 | 2 | / | 1 |
| Трговија | 7 | 1 | / | / |
| Бизнис услуги (обука, консалтинг, истражување на пазар, реклама, издавачка дејност, односи со јавноста (PR) | / | / | / | / |
| Финансиски услуги | / | / | / | / |
| Медицински услуги | 4 | / | / | / |
| Правни услуги (нотари, адвокати) | / | / | / | / |
| Услуги за населението (фризерници, перални, поправка на автомобили, други сервиси, итн.) | 7 | / | / | / |
| Ресторани, кафулиња, барови итн. | 2 | 1 | / | / |
| Хотели, хостели, итн. | 2 | / | / | / |
| ИТ услуги | / | / | / | / |
| Транспорт | 8 | / | / | / |
| Градежништво | 1 | / | / | / |
| Комуникациски услуги | / | / | / | / |
| Креативни услуги (дизајн, фотографија, видеографија, веб дизајн, социјални медиуми, настани) | / | / | / | / |
| Управување со отпад | / | 1 | / | / |
| Туризам | / | / | / | / |
| Културно наследство | / | / | / | / |
| Итн. | | | | |

Анализирајќи ги официјалните информации кои ги имаме на располагање од една страна и податоците добиени од интервјуата и прашалниците со претставници на бизнис секторот, стопанството е скоро константно, односно бројот на комапнии во периодот на 2019 - 2023 година е константен. Бројот на големите компании е константен  што дава чувство на сигурност, а и бројот на микро и мали претпријатија низ годините е скоро идентичен со мали отстапувања. Како рурална општина го искористува потенцијалот во земјоделскиот сектор со што се задржува епитетот на препознатлива земјоделска општина. Континуираниот развој на земјоделието овозможува голем број на вработувања, меѓутоа има недоволен број на квалификуван кадар кај повозрасното население и кај населението со основно и средно образование.

Производството на храна, свинско месо, производство на вино и производството на млечни производи се едни од препознатливите сектори во кои се развива стопанството. Најголем дел од земјоделските производители се одгледувачи на градинарски култури (домат, пиперка и краставица). Податоците даваат реална слика за континуирано задржување на деловните субјекти во текот на годините во секторот на земјоделство, шумарство и рибарство. Зголемување на бројот на деловни субјекти се забележува во преработувачката индустрија со што се подобрува деловната клима. Може да се забележи дека најголемиот дел од деловните субјекти отпаѓаат на трговијата на големо и мало, потоа земјоделство, шумарство и водостопанство, транспорт и складирање, објекти за сместување и преработувачката индустрија.

Според статистичките податоци за 2023 година, најголема компанија по приходи, добивка и број на вработени во општина Градско е Агриа Груп (преработувачка индустрија). Компании кои во поголема мера се потпираат на локални добавувачи во нивното секојдневно функционирање се преработувачка и земјоделска индустрија.

Општина Градско е препознатлива по:

-Археолошки локалитет Стоби,

-Подлешко езеро,

-Вински туризам,

-Градинарски производи,

-Овоштарство и лозарство,

-Рушевини од најпознатата железничка станица на Балканот.

**5.2 . Локална соработка и вмрежување**

Локалната соработка на општината со сите релевантни субјекти кои гравитираат на нејзина територија, секогаш била наш приоритет. Тоа значи дека Општина Градско вложувала и ќе вложува уште повеќе напори за да ја подобри локална соработка, пред се со бизнис секторот и со НВО секторот.

Силна страна во овој дел е отвореноста на општината за соработка, односно достапноста на градоначалникот и соодветните служби за секој кој има некаков проблем, идеа или предлог.

Соработката меѓу бизнисите е релативно добра во општината има регистрирано Здружение Локална акциска група Вардар Леадер Градско, чии основачи се Општините: Градско, Велес и Чашка, потоа физички лица, невладини организации и бизнис заедници. Целта на ЛАГ Вардар Леадер Градско е меѓусебна соработка на сите чинители за создавање поволно деловно опкружување, преку користење на сите можности за оддржлив развој на регионот.

Постои ретка практика на одржување на средби со стопанственици на Градоначалникот со сите деловни организации и финансиски институции на кои се разговара за потребата од подобрување на општинските услуги во однос на подобрување на деловната клима, потенцијалните финансиски извори на финансирање и зајакнување на имиџот на општината како атрактивно место за живеење, работа и инвестирање. Овие средби повеќе се доживуваат како политичка иницијатива отколку како вистинска соработка. Дефинитивна потреба за соработка во ИТ-секторот постои, но без конкретни активности. Во рамките на општината не постои Економски Совет, ниту пак Комитетот за економски развој при Советот на општината.

Слабите страни пак на Општина Градско во однос на локалната соработка и вмрежување се непостоењето на локален економски совет и застапената недоверба и слаба соработка помеѓу централната власт и бизнис секторот, но и помеѓу самите фирми. Првите чекори за надминување на овие проблеми се преземени, интересот на

локалните бизниси за соработка се зголемува, општината се труди да ги вклучи и жителите во процесот на одлучување преку одржување на Буџетски форуми

## 5.3. Бизнис опкружување, транспарентност и администрација без корупција

Општина Градско е најтранспарентна рурална општина во Вардарскиот регион според индексот на активна транспарентност на истражувањето што го направи Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер е на седмото место од сите јавни институции во државата, со скок од дваесет и првото место.

| Реден бр. | Општини и Центри за развој на плански региони | Бодови |
|---|---|---|
| 1 | Општина Валандово | 58 |
| 2 | Општина Демир Хисар | 57 |
| 3 | Општина Берово | 56 |
| 3 | Општина Битола | 56 |
| 3 | Општина Делчево | 56 |
| 6 | Општина Велес | 52 |
| 7 | Општина Градско | 51 |
| 7 | Општина Кочани | 51 |
| 9 | Општина Крива Паланка | 51 |
| 10 | Општина Кавадарци | 50 |
| 11 | Општина Центар | 49,5 |
| 12 | Општина Василево | 48 |
| 12 | Општина Зрновци | 48 |
| 12 | Општина Карпош | 48 |
| 12 | Општина Пробиштип | 48 |
| 16 | Општина Центар Жупа | 47 |
| 17 | Општина Куманово | 46,5 |
| 18 | Општина Гази Баба | 45,5 |
| 18 | Општина Прилеп | 45,5 |
| 20 | Општина Кисела Вода | 45 |
| 20 | Центар за развој на Источен плански регион-Штип | 45 |
| 22 | Општина Охрид | 44,5 |
| 23 | Општина Дебар | 44 |
| 23 | Центар за развој на Вардарски плански регион-Велес | 44 |
| 25 | Општина Аеродром | 43 |
| 25 | Општина Богданци | 43 |
| 25 | Општина Гевгелија | 43 |
| 25 | Општина Свети Николе | 43 |
| 29 | Општина Илинден | 42,5 |
| 30 | Општина Конче | 42 |
| 31 | Општина Босилово | 41,5 |
| 31 | Општина Струмица | 41,5 |
| 33 | Општина Дебрца | 41 |
| 33 | Општина Чешиново-Облешево | 41 |

*Извор: Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер*

Транспарентноста е мерена според објавените информации и податоци од страна на општината и спаѓа во групата јавни институции со многу добра активна транспарентност. Под „активна транспарентност“ се подразбира објавувањето информации на сопствена иницијатива на институциите, без притоа некој да има доставено до нив барање за пристап до тие информации. И сè тоа во интерес на граѓаните, преку објавување на информации за секојдневните општински активности, објавување на одлуки, записници, службени весници, буџети, јавни набавки, завршни сметки. Сепак, сè уште недостасуваат повеќе информации кои би биле од корист на бизнис заедницата, како што се информации за националните и меѓународните програми финансирани од ЕУ, можности за обуки итн.

Одделението за локален економски развој дава информации на бизнис заедниците само во врска со ИПАРД програмата, а поврзано со стратешките документи на општината со проектите со кои фирмите аплицираат.

Сите постапки за јавни набавки организирани од страна општинската администрација се објавени на електронски систем за јавни набавки (https://e-nabavki.gov.mk/) и на отворањето на понудите може да учествува секој заинтересиран.

Седниците на Советот на општина Градско се отворени за јавноста, и се пренесуваат во живо, електронски на youtube каналот.

Општината располага со база на релевантни чинители кои нудат поддршка на бизнис секторот. Од регионалните чинители главен поддржувач на малите и средните претпријатија е Бизнис центарот во Вардарски плански регион, со седиште во Велес, кој е посветен на меѓуопштинска и прекугранична соработка на единиците на локалната самоуправа во функција на поттикнување рамномерен регионален развој и подобрување на квалитетот на живот на сите граѓани во регионот.

Силните страни на Општина Градско во однос на Бизнис опкружување, транспарентност и администрација без корупција се Транспарентоноста (Општина Градско е една од најтранспарентните општина за 2023 година. Во ЦРВПР постои бизнис центар кој обезбедува поддршка на приватниот сектор пред сè на малите и средни претпријатија како и на потенцијалните инвеститори.

Слабите страни се неможноста на општината за целовкупно задоволување на потребите на бизнис заедницата (донесување на урбанистички планови за сите населени места, обезбедување на комунална инфраструктура и непостоење на индустриска зона).

## 5.4. Пристап до финансии и финансиска поддршка

Постоењето на национални програми за финансиска поддршка на претпријатијата се од голема важност за пристапот до финансии од страна на претпријатијата. Исто така и постоењето на донаторски и меѓународни механизми за финансирање на претпријатијата се од голема корист за сите микро, мали, средни и големи претпријатија. Такви програми се ИПАРД, КОСМЕ, ХОРИЗОНТ но и прекуграничните програми во кои можат претпријатијата да аплицираат или да се вклучат како партнери.

Деловната заедница во општина Градско има пристап до извори на финансирање и преку следниве институции на национално ниво: Македонска банка за поддршка на развојот (МБПР) (www.mbdp.com.mk) која ги нуди следниве финансиски и нефинансиски услуги: Финансирање на развојот на македонското стопанство; Финансирање на инфраструктурата; Поддршка на развојот на малите и средни претпријатија во РСМ; Поттикнување на извозот; Поттикнување на заштита на животната средина; Осигурување на извозот на македонски производи и услуги од комерцијални и политички ризици и Поддршка на регионалниот развој.

1. Европската банка за обнова и развој (ЕБОР) (http://www.ebrd.com/fyrmacedonia.html), банката промовира кофинансирање и странски директни инвестиции, го мобилизира домашниот капитал и обезбедува техничка помош, работи со банки, индустрии и бизниси, како и со јавни претпријатија.
2. Агенција за вработување на Р.С. Македонија (АВРСМ) (www.av.gov.mk) нуди низа програми и проекти со кои директно им се помага не само на невработените лица, тука и на малите и средните компании од општина Градско. АВРСМ има програми за финансиска поддршка на правни субјекти, микро, мали и средни претпријатија и занаетчии за отворање на нови работни места.
3. Министерство за економија (www.economy.gov.mk) на национално и регионално ниво нуди низа на програми за поддршка и развој на малите и средните компании. Некои од најзначајните програми, кои овозможуваат вклучување на малите и средните претпријатија, вклучително и тие од Општина Градско, се: Програма за конкурентност, иновации и претприемништво.
4. Министерство за финансии (www.finance.gov.mk), Најважен сектор од Министерството за финансии за малите и средните претпријатија за Општина Градско е Секторот за централно финансирање и склучување на договори (ЦФЦД).

5. Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) (www.ipardpa.gov.mk), овозможува ефикасно управување со финансиските средства како од Буџетот на РСМ, така и со средствата од претпристапната помош на Европската унија наменети за руралниот развој, и притоа нудејќи поддршка на земјоделските стопанственици и бизнис секторот за нивно искористување.

Општина Градско има пристап до извори на финансирање и преку следниве меѓународни организации:

1. УНДП - Програмата за развој на Обединетите Нации во РСМ – УНДП (www.mk.undp.org), ги вклучува следниве програми: Промоција на одржливи вработувања, Зајакнување на ефективноста на поддршката, Локален развој, Добро владеење - испорачување подобри услуги на сите, Социјална инклузија - зајакнување на најранливите категории во општеството и Енергија и животна средина - осигурување одржлив развој.
2. Агенција за меѓународен развој на САД во Р. Македонија (УСАИД) (www.usaid.gov), Активностите на УСАИД во Р. Македонија се фокусирани во неколку сектори, од кои најголемо значење за малите и средните компании од ИПР има: Програмата за економски раст која се фокусира на подобрување на бизнис опкружувањето и зголемување на компетитивноста на малите и средните компании во секторите со потенцијал за раст и креирање работни места. Оваа програма вклучува неколку проектни области и тоа: Микро претпријатија и приватен сектор; Земјоделски пазари и трговија; Развојни кредити и пристапи до финансии и Економски политики.
3. И други билатерални и мултилатерални програми како Швајцарска развојна агенција преку IME, GIZ и други.

Силните страни на општината во однос на пристап до финансии и финансиска подршка се постоењето на различните програми за субвенционирање и грантирање во различни сектори како и големата понуда на кредити за правни лица.

Слабите страни пак на Општина Градско во однос на на пристап до финансии и финансиска поддршка се недоволна информираност за изворите на финансирање, непостоење на кредитен капацитет на компаниите (за поднесување на проекти) за пристап до финансии од финансиските институции, не постоењето на ниту една експозитура на банка и непостоењето на општински гарантен фонд за поддршка на пристап до банкарски заеми.

Од разговорите со преставниците на фирмите во општината причините за застој, не инвестирање и не земање кредити се главно во лошата економска состојба, намалената куповна моќ, несигурноста, високата инфлација, а не во недостаток на финансирање.

### 5.5. Земјиште и инфраструктура

Општината вложува напори да ги идентификува сите општински земјишта кои можат да му бидат понудени на располагање на приватниот сектор и да пристапи до физичките услови во кои се наоѓаат. Во општината не постои бизнис инкубатор.

Искуството покажува дека земјиштето и инфраструктурата честопати се дефицитарни или несоодветни за побарувачката (погрешна локација или големина, или несоодветна поради практични проблеми, премногу скапа за санирање, како што е загадувањето на земјата или оддалеченоста од јавните комунални мрежи, итн.). Сепак, искуството исто така, покажува дека трошоците за развој на повеќето локации се значителни и ако тие не се брзо пополнети со компании, тогаш трошоците за почетната инвестиција не може да се повратат.

Општина Градско има само 290 км$^2$ територија и десет активни населени места. Во поглед на расположливо државно земјиште погодно за економски дејности е многу ограничена. Се прават напори изработените УП за населените места максимално се искористат во насока на економска дејност а се прават планови и за изградба на нова

зона за мало стопанство. Трендот на изградба на објекти од сферата на обновливи извори на енергија е присутен и кај нас па се подготвуваат парцели и за таа намена.

Силните страни на општината во однос на Земјиште и инфраструктура се воведувањето на дигитализација на дел од своите услуги.

Слабите страни пак на општината во однос Земјиште и инфраструктура се непостоењето на бизнис инкубатор и научно технолошки индустриски парк како и непотполна општинска администрација што не успева да ги покриен сите надлежности.

### 5.6 Регулаторна и институционална рамка

Позитивна страна за регистрација на бизнис на фирмите е што се одвива брзо, а начинот на регистрација се одвива преку овластено лице со сертификат за регистрација на бизниси (фирми). Регистрацијата на бизниси се одвива во Централен регистар и потребната документација е во зависнот од видот на претпријатие, но не е обемна. Општината е одговорна за спроведување на одредени прописи и има овластување да обезбедува поддршка со цел да го олесни обезбедувањето услуги, односно да дејствува во јавен интерес.

Според претставниците на бизнис заедницата, иако во последно време е постигнат одреден напредок во однос на регулаторната и институционалната рамка, сепак проблемите од минатото се провлекуваат, така што сѐ уште постојат некои неоправдани правила, регулативи и други административни бариери. Најголем проблем е да се поминат обемните процедури за добивање Одобрение за градба. Иако постапката/процесот за добивање на Одобрение го води Одделението за урбанизам при општина Градско и се издава електронски, тоа е во координација и со други општински и државни институции, каде понекогаш може да се појави проблем. За секое поединечно Одобрение е потребно време и разгледувањето на барањето за градба не се врши истовремено од повеќе институции, туку една по една, чекајќи го резултатот од претходното разгледување.

Силните страни на општината во однос на Регулаторна и институционална рамка постоење на дигитални услуги платформа за давање на услуги. Нашата општина на оваа дигитална платформа ќе ги понуди следните услуги:

1.Издавање на извод од урбанистички план;

2.Издавање на потврда за катастарска парцела;

3.Издавање потврда за усогласеност на Стратегијата за локален економсмки развој;

4.Прибирање на документи за Комисијата за стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на општина Градско;

5.Издавање потврда за точна адреса, промена на улица и куќен број;

6.Пријавување на проблем од секој аспект, каде општината има ингеренции.

Слабите страни пак на општината во однос Регулаторна и институционална рамка се не функционалноста наедношалтерскиот систем и недоволната координација помеѓу институциите (Одделение за урбанизам,Телеком, А1, ЈПК Клепа, Дирекција за заштита и спасување).

## 5.7. Вештини и човечки капитал, инклузивност

Развојот на работната сила е релативно нов концепт за општината. Образовниот систем не соодејствува на реалните потреби на бизнис секторот.

Агенцијата за вработување организира обуки за невработени лица и најчесто е во координација со приватниот бизнис.

| **Вкупен број на регистрирани невработени лица** | | | **Мажи** | **Жени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| **Број на евидентирани по школска подготовка** | | Без образование и со основно образование | 81 | 71 | 152 |
| | | Непотполно ССС | 12 | 11 | 23 |
| | | Со ССС | 19 | 25 | 44 |
| | | Више образование | 1 | 0 | 1 |
| | | Високо образование | 2 | 3 | 5 |
| | | Магистери на науки | 0 | 0 | 0 |
| | | Доктори на науки | 0 | 0 | 0 |
| **По возраст** | | Од 15 до 19 години | 3 | 1 | 4 |
| | | Од 20 – 24 години | 5 | 9 | 14 |
| | | Од 25 до 29 години | 4 | 12 | 16 |
| | | Од 30 до 34 години | 12 | 11 | 23 |
| | | Од 35 – 39 години | 10 | 8 | 18 |
| | | Од 40 до 44 години | 9 | 10 | 19 |
| | | Од 45 до 49 години | 12 | 15 | 27 |
| | | Од 50 – 54 години, | 18 | 25 | 43 |
| | | Од 55 до 59 години | 12 | 15 | 27 |
| | | Од 60 години и повеќе | 20 | 4 | 24 |

*Извор: Агенција за вработување на РСМ*

Еден од главните проблеми во бизнис секторот е недостаток на квалификувана работна сила. Образовниот систем и пазарот на трудот не содејствуваат со реалните потреби на бизнис секторот а проблем е и незинтересираноста на младите за струките кои се потребни на локалните економски сектори во општината. Исто така,средношколците по завршување на своето образование ја напуштаат општината барајќи работа во главниот град или во странство. Поголем дел од работоспособното население ја напушта општината. Недостатокот од квалификувана работна сила е поради миграцијата која се случува во последните години пред се на високо образовниот кадар. Врз основа на контактите со претставниците од приватниот сектор беше констатирано дека има големо несовпаѓање помеѓу понудата и побарувачката на работна сила, пред сè, квалификувана работна сила.

Силна страна на општината во однос на Вештини и човечки капитал, инклузивност е што земјоделството е со перспектива за развој, но работната рака е голем проблем. Слабите страни пак на општината во однос Вештини и човечкикапитал, инклузивност е што младите се иселуваат, а тие што остануваат не сакаат да се занимаваат со оваа гранка. Најголем број од невработените лица се без образование, непотполно средно образование или завршено средно образование.

## 5.8 Надворешно позиционирање и маркетинг

Местоположбата на општината, климатските и географските карактеристики, како и чистиот воздух и здравата животна средина, даваат и компаративни предности над другите општини во регионот за интензивирање на активностите во земјоделството и производството и обработката на еколошки чистата храна.

Дополнително, близината на главната сообраќајна артерија, автопатот Скопје - Солун во Западна Македонија, кој се наоѓа на само1 км од општинскиот центар даваат компаративни предности за развој на малиот и средниот бизнис и транзитниот туризам. Ваквата поставеност ја прави општината атрактивна за инвестиции од ваков вид. Поради тоа, општината треба да подготви оддржлива стратегија за ревитализација и обновување на инфраструктурата со посебен акцент на локалната и регионалната патна мрежа и изградба на клучки/влезови и излези на автопатот, со што би се олеснил пристапот до населените места и индустриската зона како и крајпатни зони за одмор, рекреација и пазарење лоцирани во непосрадна близина на автопатот со што локалното население би ја подобрило својата можност за претставување на локалните производи и нивен пласман како и културните добра и реткости. Подобрувањето на инфраструктурата ќе има ефект и во овој домен затоа што на заинтересираното население за вклучување во овој дел на економијата ќе му овозможи полесен пристап до транспортниот коридор на ефикасен и безбеден начин. Ова бара подготовка на оддржлива стратегија за транзитен туризам која ќе кореспондира на интегриран начин со стратегијата за ревитализација на инфраструктурата.

Постојат повеќе силни страни со кои се одликува општината во однос на Надворешно позиционирање и маркетинг, и тоа: добро развиенеа патна и железничка мрежа (Коридор 10) и тоа што општина Градско е рурална општина со урбани одлики.

Слабите страни пак на општината во однос Надворешно позиционирање и маркетинг се недоволно развиен рурален туризам како и тоа што општина Градско е општина со нагласена миграција и население што старее. По изградбата на автопатот општина Градско ја гледаат како транзитна местоположба и не се запознаени со тоа што нуди општината и не гледаат причина да ја посетат.

## 6.Анализа на силна страни, слаби страни, можности и закани (SWOT)

SWOT анализата претставува методологија која се користи во подготвителната фаза во изработката на стратешките планови во поглед на утврдување на визијата, целите и активностите поврзани меѓусебно.

Оваа анализа поаѓа од тоа моменталната состојба во однос на силните и слабите страни, можностите и заканите, како основа за дефинирање на стратешки цели и максимално користење на предностите и можностите, а во исто време да пронаоѓање на модул за минимизирање на слабостите и заканите.

| **СИЛНИ СТРАНИ (StrenghtS) -S** | **СЛАБИ СТРАНИ (Weaknesses) -W** |
| --- | --- |
| • Препознатлива земјоделска општина<br>• Квалитетно земјоделско производство на раноградинарски култури и традиција на производството на храна<br>• Традиција на производство на квалитетно трпезно и винско грозје(познати винарии) како Винарија „Стоби“ и Винарија „Лазар“<br>• Поволна географска местоположба<br>• Непосредна близина на автопатот Е-75, коридор 10 и железничка инфраструктура<br>• Археолошки локалитет Стоби своевиден музеј под отворено небо и непресушен извор на информации за цивилизациите кои имале шанса да бидат жители на овој град низ столетијата.<br>• Добри транспортни врски со руралните средини<br>• Мултиетничка заедница – Македонци, Бошњаци, Албанци, Роми и други<br>• Постоење на интерес за соработка помеѓу општината, бизнис заедницата невладините организации и ЛАГот<br>• Добра соработка на општината со државните институциите<br>• Добра меѓуопштинска соработка<br>• Општина Градско има многу добра транспарентност и според индекост на активна транспаренстност за 2023 година е на 7 место од сите јавни институции во државата<br>• Се нуди широка палета на кредити за правни лица<br>• Општина Градско воведе дигитализација на дел од своите услуги.<br>• Постоење на индустриска зона<br>• Богати природни ресурси(плодна поцва и голем број на сончеви денови) и поволна клима<br>• Еколошки чиста животна средина и природни убавини за можности со еко бизниси и активности | • Недоволен број квалификуван кадар- енолози, кувари и информатичари<br>• Непостоење на локален економски совет<br>• Постои недоверба и слаба соработка помеѓу централната власт и бизнис секторот, но и помеѓу самите фирми<br>• Не постои експозитура на ниту една банка во општина Градско<br>• Не постои општински гарантен фонд за поддршката пристап до банкарски заеми<br>• Непостоење на едношалтерски центар Општина со нагласена миграција и население што старее<br>• Диви депонии<br>• Недостаток на локални медиуми<br>• Непостојат брендирани производи |
| **МОЖНОСТИ (Opportunities) - O** | **ЗАКАНИ (Threats) - T** |
| • Еу фондови и фондови за прекугранична соработка<br>• Достапност на програмите на АВРСМ за самовработување и микрокредитирање<br>• Постоење на стратегија за развој на лаг Вардар Леадер<br>• Во ЦРВПР постои бизнис центар кој обезбедува подршка на приватниот сектор пред се на малите и средни претпријатија како и на потенцијалните инвеститори.<br>• Државата нуди различни програми за субвенционирање и грантирање во различни сектори<br>• Вински туризам<br>• Голем потенцијал за искористување на обновливи извори на енергија<br>• Интерес за искористување на постоечките објекти кои се во сопственост на општината | • Економска криза<br>• Енергетска криза<br>• Бавно спроведување на процесите за урбанизација<br>• Значителен одлив на населението, а со тоа и на квалификуван кадар<br>• Намалување на наталитетот<br>• Законска регулатива со големи глоби за биснис секторот |

## 7.Визија и стратешки цели




***Градско е општина која во континуитет се грижи за благосостојбата на своите жители, општина со развиен аграр и уредена инфраструктура и еколошки чиста средина.***

Стратешки цели:




- **Стратешка цел 1** - Развиено земјоделство и рурален туризам

- **Стратешка цел 2** - Развиена инфраструктура која придонесува за подобар локален економски развој

- **Стратешка цел 3** - Унапредување на заштита на животна средина

## 8. Акциски план

| *Градежни блокови* | *Клучни (стратешки) цели* | *Активности/проектни идеи* | *Времетраење (почеток/кра)* | *Вклучени партнери* | *Предвидени трошоци* | *Резултати (директни (outputs))* | *Мониторинг индикатори* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.Локална соработка и мрежување<br>2.Надворешно позиционирање и маркетинг | **Стратешка цел 1:** Развиено земјоделство и рурален туризам | Јакнење на човечките капацитети на земјоделските производители за Земјоделски маркетинг (обуки, инфо средби) | 2024-2027 | Општина Градско, ЛАГ, Стопански субјекти на територија на општината | 100.000,00 | Зајакнати човечки капацитети за Земјоделски маркетинг | 4 организирани обуки и број на учесници |
| | | Спроведување на промотивни активности за информирање за преработка и маркетинг на земјоделските производи | 2024-2027 | Општина Градско, ЛАГ, Стопански субјекти на територија на општината | 50.000,00 | Изработени брошури и материјали за маркетинг(летоци, печатени капи, пенкала) | 100 броја испечатени примероци |
| | | Едукација на земјоделци на тема од областа на органско производство | 2024-2027 | Општина Градско, ЛАГ, Стопански субјекти на територија на општината | 50.000,00 | Зајакнати капацитети во областа на органското производство | 3 организирани обуки и број на учесници |
| | | Едукација за култивирано производство на ароматични и лековити растенија | 2024-2027 | Општина Градско, ЛАГ, Стопански субјекти на територија на општината | 50.000,00 | Зајакнати капацитети или стекнати знаења и вештини од областа на култивирано производство на ароматични и лековити растенија | 2 организирани обуки и број на учесници |
| | | Изградба на затворен пазар на големо за раноградинарски производи (пиперки, домати) | 2024-2027 | Општина Градско, ЈКП Клепа, БРР | 5.000.000 | Изграден пазар и подобрени услови за продажба на земјоделски производи | 500 м$^2$ површина на пазарот<br>25 тезги, односно изложувачи на пазарот и активно работење на пазарот |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Тампонирање на патишта до обработливи површини во Виничани | 2024-2027 | Општина Градско, ЦРВПР и АФПЗРР | 800.000,00 | Подобрен пристап до обработливите површини | Број на метри тампониран локален пат |
| | | Тампонирање на патот до Бачилото во Виничани, под Клепа на Сулеманов Суле кој е одгледувач на 400 овци | 2024-2027 | Општина Градско, ЦРВПР и АФПЗРР | 800.000,00 | Подобрен пристап до обработливите површини | Број на метри тампониран локален пат |
| | | Тампонирање на пат до бачилото КЛЕПА | 2024-2027 | Општина Градско, ЦРВПР и АФПЗРР | 800.000,00 | Подобрен пристап до бачилото | Број на метри тампониран локален пат |
| | | Реконструкција на стара општинска зграда во Градско | 2024-2027 | Општина Градско, Министерство за култура, НУ Стоби | 5.000.000,00 | Отворена музејска зграда и збогатена туристичка понуда | 200 $^{м2}$ изградена музејска зграда на културни настани на територија на општина Градско на годишно ниво |
| | | Одбележување на патеки, пешачки и планински КЛЕПА | 2024-2027 | Општина Градско, ЛАГ, Планинарско друштво Клепа, локално население | 50.000,00 | Збогатена туристичка понуда | 3 патеки во должина од 20 км и поставени 5 табли |
| 1.Земјиште и инфраструктура | **Стратешка цел 2:** Развиена инфраструктура која допринесува за подобар економски развој | Изработка на соодветна техничка документација за развој и подобрување на нова, но и реконструирање на постоечка патна инфраструктура | 2024-2027 | Општина Градско | 200.000,00 | Создавање на услови за подобрување на ЛЕР преку подобра инфраструктура | Број на изработени технички документации |
| | | Санација на свлечиште на локален пат Долно Чичево – Подлес | 2024-2027 | Општина Градско, БРР | 2.000.000,00 | Подобрување на инфраструктурата со акцент на безбедноста на сообраќајот | Санирано свлечиште |
| | | Асфалтирање/тампонирање на патот | 2024-2027 | Општина Градско, АФПЗРР | 1.000.000,00 | Подобрување и развој на верскиот и рурален | Тампониран пат |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | до Манстирот „Св. Константин и Елена“, Свеќани на Клепа | | | | туризам | |
| | | Поставување на безбедносна рампа на преминот за село Ногаевци | 2024-2027 | Општина Градско, МЖ инфраструктура | 2.000.000,00 | Безбедност во сообраќајот преку подобрена железничка инфраструктура | Намален број на сообраќајни незгоди |
| | | Реконструкција на мост во село Уланци | 2024-2027 | Општина Градско, АФПЗРР | 60.000.000.00 | Поврзување со неколку населени места и земјоделски површини | Реконструиран мост |
| | | Изградба пристапен пат (локален пат) од село Долно Чичево до Манастир Св.Архангел Михаил. | 2024-2027 | Општина Градско, ЦРВПР, АФПЗРР, БРР | 5.000.000,00 | Целосно изграден пристапен пат | 600м пристапен пат од с.Долно Чичево до Манастир Св. Архангел Михаил |
| | | Изградба на локален пат за Грнчиште | 2024-2027 | Општина Градско, АФПЗРР, БРР | 27.000.000,00 | Изграден локален пат | 5,16 км локален пат |
| | | Изградба на локален пат ГрадскоУланци | 2024-2027 | Општина Градско, АФПЗРР, БРР | 21.000.000,00 | Изграден локален пат | 2 км локален пат |
| | | Подобрување на водоснабдувањето со доизградба на постојаната каптажа и со изградба на нова-Виничани. | 2024-2027 | Општина Градско, ЈКП Клепа, МЖСПП | 2.000.000,00 | Зголемен капацитет на водоснабдување | Водоводна мрежа во должина од 1000 м |
| | | Водоснабдување во село Долно Чичево | 2024-2027 | Општина Градско, ЈКП Клепа, МЖСПП | 2.000.000,00 | Зголемен капацитет на водоснабдување | Водоводна мрежа во должина од 1000 м |
| | | Изведување на нови бушотини и изградба на пумпни станици за подобрување на водоснабдувањето во Градско | 2024-2027 | Општина Градско, ЈКП Клепа, МЖСПП | 5.000.000,00 | Зголемен капацитет на водоснабдување | Водоводна мрежа во должина од 3000 м |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Изградба на индустриска зона | 2024-2027 | Општина Градско | / | Создадени предуслови за просторен, инфраструктурен и економски развој | Изградена индустриска зона |
| 1.Локална соработка и вмрежување | **Стратешка цел:3** Унапредување на заштита на животна средина | Поставување на термофасади и термоизолација на кровни конструкции на јавните институции | 2024-2027 | Општина Градско | 5.000.000,00 | Зголемено користење на обновливи извори на енергија, исто така зголемена свесност за корista од користење на обновливи извори на енергија. | Поставени термофасади и термоизолација на јавни објекти |
| | | Пилот проекти за финансирање на инвестиции во соларни колектори во руралните населени места | 2024-2027 | Општина Градско | 60.000,00 | Подигната свест на населението | Инвестиции во соларна енергија |

## 9. Шема на финансирање

| *Активности* | *Предвидени трошоци* | | *Извори на финансирање* | | | | *Непокриен и трошоци* | *Забелешки* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | *Нацио нални програми* | *Локален буџет* | *Приватен сектор* | *Донатори* | *Други (наведете)* | | |
| 1.1.Јакнење на човечките капацитети на земјоделските производители за Земјоделски маркетинг (обуки, инфо средби) | 100.000,00 | | 100.000,00 | | | | | |
| 1.2.Спроведување на промотивни активности за информирање за преработка и маркетинг на земјоделските производи | 50.000,00 | | 50.000,00 | | | | | |
| 1.3Едукација на земјоделци на те,ма од областа на органското производство | 50.000,00 | | 50.000,00 | | | | | |
| 1.4Едукација за култувирано производство на ароматични и лековити растенија | 50.000,00 | | 50.000,00 | | | | | |
| 1.5 Изградба на затворен пазар на големо за раноградинарски производи (пиперки, домати) | 5.000.000,00 | 4.000.000,00 | 1.000.000,00 | | | | | |
| 1.6Тампонирање на патишта до обработливи површини во Виничани | 800.000,00 | 800.000,00 | | | | | | |
| 1.7 Тампонирање на патот до Бачилото во Виничани, под Клепа на Сулеманов Суле кој е одгледувач на 400 овци | 800.000,00 | 800.000,00 | | | | | | |
| 1.8 Тампонирање на пат до бачилото КЛЕПА | 800.000,00 | 800.000,00 | | | | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.9 Реконструкција на стара општинска зграда во Градско | 5.000.000,00 | 4.000.000,00 | 1.000.000,00 | | | | | |
| 1.10 Одбележување на патеки, пешачки и планински КЛЕПА | 50.000,00 | | 50.000,00 | | | | | |
| 2.1. Изработка на соодветна техничка документација за развој и подобрување на нова, но и реконструирање на постоечка патна инфраструктура | 200.000,00 | | 200.000,00 | | | | | |
| 2.2 Санација на свлечиште на локален пат Долно Чичево –Подлес | 2.000.000,00 | 1.000.000,00 | 1.000.000,00 | | | | | |
| 2.3Асфалтирање/тампонирање на патот до Манастирот „Св. Константин и Елена“, Свеќани на Клепа | 1.000.000,00 | 1.000.000,00 | | | | | | |
| 2.4Поставување на безбедносна рампа на преминот за село Ногаевци | 2.000.000,00 | 2.000.000,00 | | | | | | |
| 2.5 Реконструкција на мост во село Уланци | 60.000.000,00 | 60.000.000,00 | | | | | | |
| 2.6 Изградба пристапен пат (локален пат) од село Долно Чичево до Манастир Св.Архангел Михаил | 5.000.000,00 | 4.000.000,00 | 1.000.000,00 | | | | | |
| 2.7 Изградба на локален пат за Грнчиште | 27.000.000,00 | 27.000.000,00 | | | | | | |
| 2.8 Изградба на локален пат Градско-Уланци | 21.000.000,00 | 21.000.000,00 | | | | | | |
| 2.9 Подобрување на водоснабдувањето | 2.000.000,00 | 1.500.000,00 | 500.000,00 | | | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| со доизградба на постојаната каптажа и<br>со изградба на нова-<br>Виничани. | | | | | | | | |
| 2.10 Водоснабдување во село Долно<br>Чичево | 2.000.000,00 | 1.500.000,00 | 500.000,00 | | | | | |
| 2.11 Изведување на нови бушотини и<br>изградба на пумпни станици за подобрување на водоснабдувањето | 5.000.000,00 | 4.000.000,00 | 1.000.000,00 | | | | | |
| 2.12 Изградба на индустриска зона | / | | | | | | | |
| 3.1Поставување на термофасади и термоизолација на кровни конструкции на јавните институции | 5.000.000,00 | 5.000.000,00 | | | | | | |
| 3.2Пилот проекти за финансирање на инвестиции во соларни колектори во<br>руралните населени места | 60.000,00 | | 60.000,00 | | | | | |
| ***Вкупно 144.960.000,00*** | 144.960.000,00 | 138.400.000,00 | 6.560.000,00 | | | | | |